# СООПШТЕНИЕ ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА КОРОНА ВИРУСОТ

Новости | 18.3.2020

**ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР**
**СУ-03-68/20**
**18.03.2020 година**
**Г о с т и в а р**

# И З В Е С Т У В А Њ Е

Почитувани,

Согласно заклучоците на Владата на Република Северна Македонија во врска со спроведување на дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста КОВИД-19 (корона вирус), препораките од Министерството за здравство, барањето за воведување на мерки на претпазливост и заштита од корона вирусот во правосудниот систем од Адвокатската комора на Република Северна Македонија под број 03-281 од 15.03.2020 година, заклучокот на Управниот одбор на Здружението на судиите на Република Северна Македонија донесен на XXXVI-та седница одржана на ден 16.03.2020 година, како и одлуката за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од вирусот КОВИД-19 донесена од Судскиот совет на Република Северна Македонија под број 02-606/1 од 17.03.2020 година, Основен суд Гостивар **ВЕ ИЗВЕСТУВА** дека сметано од 18.03.2020 година до следно известување, **СЕ ОДЛОЖУВААТ** закажаните рочишта по предметите со исклучок на рочиштата и дејствијата по:

-Предмети за примена на времени мерки;
-Спорови за објавување на исправка на објавена информација;
-Вонпарнични и извршни предмети во врска со воспитувањето и заштитата на децата и обврски по предметите за издршка што произлегуваат од закон,
-Вонпарнични предмети за задржување на лица во здравствена установа,
-Попис на имотот на оставителот, составување на тестаменти,
-Прием на поднесоци и други работи што се врзани со законски преклузивни рокови

-Кривични предмети кога обвинетиот или дел од обвинетите се во притвор, куќен притвор и према кои е изречена некоја друга мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот во постапката.
-Кривични предмети на странки кои немаат живеалиште, односно престојувалиште во Република Северна Македонија а се затекнати во државата,
-Кривични предмети за кои постои опасност од застарување на кривично гонење,
-Кривични предмети за кривични дела: “Пренесување заразна болест од чл.205 од КЗ, кривично дело “Непостапување според здравствени прописи за време на епидемија“ од чл.206 од КЗ, кривично дело “Неукажување медицинска помош“ од чл.208 од КЗ, кривично дело “Спречување службено лице во вршење службено дејствие“ од чл.382 од КЗ, кривично дело “Напад врз службено лице при вршење работи на безбедност“ од чл.383 од КЗ и кривично дело “Организирање отпор“ од чл.387 од КЗ.

-Прекршочни предмети од итна природа.

, кои предмети се сметаат за итни во смисла на член 72 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ број 58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ број 96/19).

За денот и часот на одржување на сите одложени рочишта странките ќе бидат дополнително известени со доставување на покана од страна на судијата кој постапува по секој поединечен предмет.

Со оглед на наведеното, нема да биде дозволен влез на неслужбени лица во просториите на Основен суд Гостивар, освен на лица со уредна покана и претходна најава, поради присуство во судот во врска со означениот вид на предмети од итна природа.

Контролата и легитимирањето на лицата на влезовите во Основен суд Гостивар ќе ја вршат припадниците на судската полиција вработени во судот согласно правилата на службата, коишто по извршената безбедносна проверка ќе ги упатуваат лицата во соодветните простории на судот.

Се укажува на лицата кои е потребно да присуствуваат во судот во врска со предметите од итна природа самите да обезбедат соодветна заштита опрема, со оглед дека судот врз основа на

расположливите средства во овој момент не е во можност истата да ја обезбеди и за странките во постапките, а на лицата за кои не е неопходно им се укажува да не доаѓаат без оправдана причина во судот.

Основен суд Гостивар укажува дека ваквите мерки се неопходни за заштита на здравјето и животот на граѓаните, во околности кога заштитата, почитувањето и унапредувањето на човековите права и основни слободи претставува една од целите и функциите на судската власт, а имајќи ги предвид обемот на надлежност и на работа на Основен суд Гостивар, како и големиот број на судски предмети, што доведува до зголемена фреквенција на луѓе во судот.

Воедно, напоменуваме дека Основен суд Гостивар и понатаму ќе ја извршува функцијата како сервис на граѓаните на Република Северна Македонија, поради што упатуваме апел во означениот период да се користат алтернативните начини на комуникација со судот, по пошта и/или по електронски пат.

Со почит,

Претседател на судот
Ќирко Михајлоски